# С О В Е Т  НА  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТ И ШЕСТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 11.07.2019 година

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2019 ГОДИНА**

# З А П И С Н И К

**Од Дваесет и шестата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 11.07.2019 година**

Седницата започна во **12,45 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација, претставници од јавните установи за деца - детски градинки и претставник на групацијата Скопски Саем претходно уредно најавен.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следниот предлог за дополнување**:

Согласно извештајот од седницата на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-2695/2 од 09.07.2019 година, се предложи дневниот ред да биде дополнет со следната точка:

**33.** Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-3780 за КП 415/6 КО Булачани (дел од КП 415/1 КО Булачани).

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"33"** беше ставен на гласање и усвоен со **23 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "33" е составен дел од предложениот дневен ред.

Од страна на членовите на советот беа предложени следните изменувања и дополнувања на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи изменување на предложениот дневен ред и тоа:

Точката **11,** и точките редоследно од **15 - 32** да се **симнат** од предложениот дневниот ред.

Образложение на причините:

**За точка 11:** Предлогот за расправа и одлучување по Предлог-ДУП на минатата седница беше повлечен од страна на предлагачот - Градоначалникот на Општина Гази Баба. Согласно член 39 став (1) од ЗПУП изминат е рокот од 3 дена односно по овој Предлог-ДУП требаше да се расправа и одлучува на минатата седница. Со самото повлекување на оваа точка од страна на Градоначалникот изминат е рокот од 3 дена за доставување до советот преку системот е-урбанизам. Односно, оваа точка не требаше воошто да биде и во предложениот дневен ред за оваа седница. Потребно е да се повтори постапката во сите фази и после повторно да му се предложи на советот да расправа и одлучува по истиот. Имаме непочитување на рокови определени со закон што евентуалното донесување на овој Предлог-ДУП го прават ништовен.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**34.** Предлог - Правила за дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

Образложение на причините:

До нас како советници се пристигнати низа на изјави од УЗ/МЗ Идризово, Питу Гули, Ќерамидница, Автокоманда и други. Од нејасни причини примиле известувања од општината за да ги вратат печатите и штембилите од урбаните и месните заедници без да се наведат причините поради кои истите се бараат. Од тие причини со оваа прдложена точка ја регулираме целата процедура во правилата околу давање и одземање на печати и штембили, кои до сега не биле регулирани.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Го слушав образложението од колешката Стојменова околу предлогот за симнување на точката 11 и би сакала стручната служба да се произнесе дали наведените причини се точни и правно издржани.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Доставена е информација од Претседател на УЗ Маџари - г-ѓа Иванка Милеска, бр.09-2716/1 од 05.07.2019 година, со кои како совет сме известени за реализирана постапка за насилно одземање на печат и штембил задолжени од Претседателот на УЗ Маџари 2 од страна на припадници на МВР. Поради

изнесеното,

Барам пауза од 10 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 10 минути и ја задолжувам стручната служба да ја обезбеди, умножи и достави информацијата бр.09-2716/1 од 05.07.2019 година до сите членови на советот .

**По паузата.**

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**35.** Расправа по информација за реализирана постапка за насилно одземање на печат и штембил од Претседател на УЗ Маџари 2.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**36.** Информација за моментална состојба во депонијата "Вардариште", во врска со нелегалното исфрлање на земја и шут од непознат правен субјект.

Образложение на причините:

Пристигнати се информации за нелегално исфрлање на земја и шут од страна на некои правни субјекти.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Побара во записник да се внесат уредно најавените за присуство на седницата и истакна забелешка на излагањето на колешката Стојменова која освен за една точка за која предложи симнување од предложениот дневен ред, за останатите точки редоследно од 15-32 не беа образложени причините.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Тодосиев, колешката Стојменова во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија" предложи симнување на овие точки од предложениот дневен ред. Еве дозволете ми јас да ги образложам причините. Точките од 15-32 се однесуваат на ребалансот на буџетот. Сметаме дека вака предложениот ребаланс не е соодветен и треба да претрпи измени. Ние не сме против ребалансот но во идниот период ќе дадеме подетални забелешки и се надевам дека идниот ребаланс ќе биде во интерес на сите граѓани.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Укажувам на потребата од доследна примена на одредбите од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба. Исто како и на мината седница така и на оваа седница имаме иста ситуација. Ако се сакало ребалансот да претпри измени тоа можело и амандмански да се предложи. За информација, ова е прв пат во историјата на општината да се носи позитивен ребаланс односно ребаланс со кој ќе се зголемат средствата во буџетот на општината. На овој начин се кочи работата на општината. Мора посериозно да ја разберете работата.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Тодосиев, овие точки околу ребалансот не се во корелација со веќе донесениот и во функција буџет на општината. Не е закочена работата на општината, постои буџет по кој може да се работи. Со предложениот ребаланс имаме намалување на предвидените средства за речиси сите капитални инвестиции во општината. Од тие причини сметаме дека овој ребаланс треба да претрпи измени пред да расправа и одлучува советот.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Колега Најденовски, пак ќе повторам имавте можност претходно да дискутираме и дебатираме и на минатата седница. На овој начин можете и на следната седница да ги симнете точките.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Тодосиев, каде видовте дека овој ребаланс е развоен ?. По сите параметри и доставени информрмации од стручната служба ова е се само не е развоен ребаланс на буџет.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Цитираше одредби од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба кои се однесуваат на правото на советниците да предлагаат изменување и дополнување на дневниот ред.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Овој ребаланс на буџет е развоен.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Колеги овој постоечки буџет неможе да биде развоен од причина што уште пред неговото донесување во декември 2018 година се намалија средствата во Предлог-Буџетот. Значи во овој момент тој не може да биде развоен буџет. Исто е и со предложениот ребаланс каде е евидентно дека се намалуваат предвидените средства за капитални инвестиции. Недозволиво е да се намалуваат овие средства. Потребно е да имаме координација како совет со Градоначалникот на Општина Гази Баба се со цел да донесеме ребаланс на буџетот кој ќе биде развоен.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Овој пат ребалансот на седницата на комисијата за финансии и буџет и точките во врска со ребалансот на комисијата за локален економски развој беа разгледувани само благодарение на советничката група на Коалицијата "За подобра Македонија" од причина што ние го обезбедивме мнозинството во комисијата. Советниците од СДСМ воопшто немаат интерес да присутвуваат на седниците на комисиите. Ова е веќе 2 години. Вината немојте да ја префрлувате на нашата советничка група. Колегата Тодосиев вели дека можело амандмански да се расправа. Да точно е, но точно е дека може да се расправа и на седниците на работните тела.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Комисиите треба да ја олеснат работата на седницата на советот. Токму поради тоа, на минатата седница сите точки поминаа на комисии без забелешки а на самата седница се повлекоа предложените точки. Во врска со буџетот знаете дека законски бевме лимитирани да направиме таков буџет. Така впрочем беше и договорено. Кога ќе има прилив на средства да се направи ребаланс.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Буџетот за следна година е друга работа. Говориме за оваа година, овој ребаланс се однесува за оваа година.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во периодот од 2000-2005 година кога мнозинството во советот на општината го имаше СДСМ постоеа големи опструкции. Се кочеше општината и не се гласаше буџет на општината. Ние сеуште имаме доблест да ги симнеме од предложен дневен ред а не да гласаме против овие точки.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Се отворија многу прашања што е и очекувано за мене. Доаѓаме до заклучок дека непотребно се троши енергија и време за подготовка на седницата од страна на администрацијата. Тоа е општата слика. Имавте многу предлози, прашања и коментари околу предложениот дневен ред за работата на оваа седница на советот. Каков дневен ред ќе се утврди е обврска на советот а не моја како Градоначалник. Неможам да разберам дека некој може да предложи симнување на точка Предлог-ДУП сметајќи дека е изминат рокот од 3 дена. Согласно ЗПУП јас сум должем во рок од 3 дена од денот на добивањето на согласноста од МТВ истиот да го доставам до советот. Јас тоа го сторив уште на минатата седница. Кое е вашето образложение и која постапка ја поведовте за да се повтори постапката? Постојат и прекршочни одредби и за мене како Градоначалник и за Претседателот на совет ако предложен ДУП кој ги поминал сите фази и е добиена согласнот не биде ставен на првата седница на совет. Како ќе одлучите е ваше право. Околу УЗ и МЗ да разјасниме дека врз основа на моја наредба и злоупотреба од одредени претседатели на УЗ и МЗ побарав печатите и штембилите да се вратат и истите да бидат во општината во едношалтерскиот систем и сите претседатели да можат од тука да ги користат, а не да ги носат дома. За конкретната УЗ за која постои информација до советот, да разјасниме дека претходно имаше четири јавни презентации во урбаната заедница. На јавните анкети нема ниту еден печат на УЗ. Каква порака праќаме до граѓаните ?. Градоначалникот е орган кој ги дава правата и обврските. Советот треба да биде информиран и да верифицира. Јасни се индициите дека позадината за симнувањето

на точките и на минатата седнциа и на оваа седница не се бројките. Без разлика на вашата одлука уште од понеделник ќе започнам со разговори поединечно со секоја советничка група околу ребалансот на буџетот а потоа со граѓаните на општината по секоја урбана и месна заедница. Мнозинството од еден советник не дава за право да се опструира работата на општината. Следната недела ќе биде работна за сите и за вас и за мене и за општинската администрација. Комуникацијата е неопходна во интерес на граѓаните, нема тука место за политика. Додека не се постигне договор неможеме да имаме седница.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во името на советничката група на Коалиција "За подобра Македонија" морам да одговорам на сите наводи на Градоначалникот на општината од оваа говорница. Ќе го прочитам и делот на записникот од минатата седница каде јасно е наведена вашата дискусија и повлекувањето на точките од ваша страна. Градоначалник, вие ги повлековте точките. Јас предложив симнување на точките, но тоа беше предлог. А вие истрчавте и сами ги повлековте точките. Со тоа не му дозволивте на советот да расправа и одлучува и со тоа го прекршивте законот. За нас е неприфатливо ние да одлучуваме од причина што рокот е поминат и тоа може да биде постапка пред Уставен суд. Не овој Уставен суд за кој знаеме дека имате човек кој ви ги врши работите, туку ќе дојде нов состав на Уставен суд. Околу ребалансот е сосема јасно дека се намалуваат средствата за капитални инвестиции. Вие своеволно отстранувате луѓе од работа од градинките и училиштата по претходно изготвена партиска листа од Валентина Ангеловска Ќиевска, која до неодамна беше во општината а сега се врати со работа во ООУ  Његош. И вие барате да бидеме конструктивни !? Ист е случајот и со отстранување од работа и од општинската администрација, каде неодамна отстранивте две службенички од кои едната има најмногу сработени предмети. Зошто? За да пратите порака до ВМРО-ДПМНЕ !? Ние не се плашиме од ништо, по цена сите да ги отстраните од работа, но не заборавајте дека и вие имате луѓе кои во овој период ги вработувате. Па што треба да се случи кога повеќе нема да бидете Градоначалник. Тие луѓе зарем треба да бидат отстранети од работа од следниот Градоначалник ?. Тоа не è во ред. Во ниту еден закон не è регулирано дека вие како Градоначалник можете да одземате печати и штембили од УЗ и МЗ. Токму од тие причини предлагам да се дополнат правилата за сето тоа да биде регулирано.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Претседателе јас предложив работи во насока на олеснување на работатат на советот, но оваа претходна дискусија не беше во таа насока. Јас немам намера да излегувам на ТВ соочувања и дебати со луѓе против кои се води кривична постапка. Стојам на претходно изнесениот став дека предложениот ДУП нема потреба да помине повторно низ сите постапки, и повторно да се добие согласност, туку само вие како претседател и јас како градоначалник можеме да имаме проблеми околу прекршочните одредби на ЗПУП кои налагаат и плаќање на глоби доколку не се постапи во согласнсот со законот. Исто така можно е и ресорното министерство да и ги одземе ингеренциите на општината во делот на урбанистичкото планирање. Ве молам во сите наредни дискусии да говорите аргументирано и со факти и докази а не тоа да биде паушално. Ве молам неподготвени да недоаѓате на седници на советот. Вака ќе одиме до недоглед.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Не е прв пат СДСМ од оваа говорница да ја злоупотребува кривичната постапка која се води против мене. Но ние како советничка група имаме јасен став околу тоа.

Барам пауза од еден час. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од еден час.

**По паузата.**

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред со симнување на точката **11** и точките редоследно од **15-32** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 8 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "11" и точките редоследно од "15" - "32" не се дел од предложениот дневен ред.

Точките "12", "13" и "14" ќе се разгледуваат како точки **"11", "12" и "13"** а точката "33" ќе се разгледува како точка **"14"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"15"** - Предлог - Правила за дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 8 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "15" е составен дел од предложениот дневен ред.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"16"** - Расправа по информација за реализирана постапка за насилно одземање на печат и штембил од Претседател на УЗ Маџари 2, беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 8 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "16" е составен дел од предложениот дневен ред.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"17"** - Информација за моментална состојба во депонијата "Вардариште", во врска со нелегалното исфрлање на земја и шут од непознат правен субјект, беше ставен на гласање и усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "17" е составен дел од предложениот дневен ред

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Во својство на предлагач **ја повлече точката 1** од предложенот дневен ред.

Претседателот на Советот констатираше дека точката **"1"** не е дел од предложениот дневен ред.

Точките од предложениот дневен ред редоследно од **2-17** ќе се разгледуваат како точки редоследно од **1-16**.

За работата на седницата со **21 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
7. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите во јавните установи за деца, за 2019 година;
8. Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.08-2631/2 од 28.06.2019 година;
9. Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга;
10. Предлог - Одлука за прием во сопственост на патничко моторно возило;
11. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за склучување на договор за обезбедување на комунални услуги за водоснабдување и канализација, помеѓу Општина Гази Баба и ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
12. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - Општина Гази Баба;
13. Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-3780 за КП 415/6 КО Булачани (дел од КП 415/1 КО Булачани);

14. Предлог - Правила за дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба;
15. Расправа по информација за реализирана постапка за насилно одземање на печат и штембил од Претседател на УЗ Маџари 2; и
16. Информација за моментална состојба во депонијата "Вардариште", во врска со нелегалното исфрлање на земја и шут од непознат правен субјект.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.07.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе ***(да не ги донесе)*** следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје ***(се предлага да не се донесе)***;;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите во јавните установи за деца, за 2019 година;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година; и
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати забелешка во врска со поднесениот материјал од страна на јавната установа и несоодветна употреба на новото уставно име во воведниот дел на

одлуката на управниот одбор при цитирање на материјалниот пропис со измените и дополнувањата и нивното објавување во "Службен весник на РМ" односно "Службен весним на РСМ". Недозволиво е да се употребува РСМ за закони и закони за изменувања и дополнувања донесени во 2014 година кога сеуште сме биле и тие закони биле донесени во Република Македонија. Дали е намерно или не јас незнам.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ставот на нашата советничка група е јасен и принципиелен. Тој е ист и за оваа и за точка 6 од утврдениот дневен ред. Тоа е став подржан од мнозинството граѓани кои не го поддржаа референдумот за промена на уставното име. Тоа е став кој важеше и кога беа поднесени иницијативи за изменување на статутот се со цел промена на печатите на општината, односно иницијативата за изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба. Поради тоа нема да дадеме поддршка на статутарните одлуки за измени во статутите на јавните установи - детски градинки

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Имаме донесени и во примена Уставни амандмани на Уставот кои мора да се почитуваат. Со секое кочење поради употребата на уставното име се отежнува работата на детските градинки и нивното нормално функционирање. Поради тоа ќе побарам од советниците поименично гласање за оваа точка.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник, немојте двосмилено и во подзавиена форма да ни праќате разноразни пораки. Ние не се плашиме и цврсто стоиме на својот став. Поради тоа што Градоначалникот го нема тоа право, јас барам поименично гласање по оваа точка и точка 6.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ние сме избрани од граѓаните и имаме законско право на свој став, мислење и одлучување во согласност со законот. Во овој случај тоа е ставот на граѓаните од кои сме избрани. Ние не го подржуваме новото име на државата. Градоначалникот постојано во својот говор го потенцира фактот дека со еден глас повеќе имаме мнозинство во советот. Престанете со тоа, ве молам.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Би го дополнил колегата Белчев, дека тој глас повеќе значи и 3.000 гласа повеќе на советничката листа од претходноте локални избори 2017 година и нетреба да се занемарува тој факт. Законодавацет требал да предвиди дека ќе дојде до ваква ситуација. Со оглед на тоа што одзивот на граѓаните во Општина Гази Баба беше само околу 17% на референдумот, имаме полно право да ги застапуваме нивните интереси.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Уверението за избран советник ми дава за право да го почитувам Уставот и законите и сум горд што е предложено поименично гласање по оваа точка.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Не ми се верува ова што го слушам. На минатата седница на комисијата за урбанизам истакнавте дека се плашите од можни кривични пријави поради кршење на законот, а сега токму со ова го кршите Уставот.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колешке Бубало не обвинувате за кршење на Уставот, недостасува да не обвините уште за тероризам. Ние согласно законот гласаме слободно и неможе да трпиме последици поради тоа. Ставот на нашата советнилка група е јасен и непроменлив. Нема да дозволиме измени во статутите на детските градинки.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колешке Бубало член 43 став (3) од Законот за локалната самоуправа (ЗЛС) е јасен а гласи: "Членот на советот неможе да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во советот."

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колешке Бубало бидете уверени дека се што од оваа говорница е кажано од нашата советничка група е во согласност со законот.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колешке Бубало гледам дека постојано се повикувате на почитување на Уставот. Штом е тоа така да ве прашам од оваа говорница дали ги променивте вашите документи со новоти име на државата.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Мене ова на ништо не ми личи. Се губи енергија. Како јас да гласам кога дел од моите гласачи беа за а дел беа против новото уставно име на државата.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Димитровски, ова е сериозна тема и пак ќе повторам дека законодавецот ова требал и морал да го предвиди. Ние принципиелно го браниме нашиот став кој е став на мнозинството на граѓаните искажана на референдумот преку апстиненција од гласање. Разберете ја нашата позиција. Централната власт одлучила така и ова треба да биде преку нив, тие се одговорни, а нетреба сега советот да одлучува за ова.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Морам да му реплицирам на колегата Димитровски кој незнае како треба да гласа за оваа точка. Прашајте го вашиот брат кој неодамна беше уапсен за извикување на името Република Македонија.

Член на Совет - **Ѓоре Стојковски** (коалиција предводена од СДСМ):

Непотребно се троши енергија и време кое можеше да се искористи за многу попродуктивни работи. Ова се банални работи. За сето поминато време можеше досега да се донесат сите предложени одлуки за бенефит на граѓаните. Ова е лицемерие, името на нашата држава е Република Северна Македонија и општината Гази Баба се наоѓа во Република Северна Македонија. Граѓаните не ги интересира името надржавата кога нема улично осветлување.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Стојковски, да ве потсетам дека и колеги советници од СДСМ во другите општини го немаат прифатено новото уставно име. Околу уличното осветлување, да ве потсетам дека имаме донесен буџет и тоа прашање треба да го упатите до Градоначалникот.

Член на Совет - **Ѓоре Стојковски** (коалиција предводена од СДСМ):

Ја повтори претходната дискусија.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Укажа на потребата од доследна примена на одредбите од Деловникот.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Можеби се за вас колега Стојковски банални работи, но име на држава во која

и вие сте го поминале вашиот живот не се банални работи.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Лицемерие е кога Градоначалникот повикува на одвоени средби со советничките групи а не сите заедно, како би можеле да изградиме заеднички став за одредени работи. И ве молам да се говори од говорница како би можело да влезе во записник.

Член на Совет - **Ристо Донев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колегата Трајковски го изнесе ставот на нашата советничка група. Што има сега некој да коментира околу тоа.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, ја стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | √ | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | | √ | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | | √ | |
| 15. | *РАСИМ АЛИ | | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | √ | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | *МАРТИНА НАУМОВСКА | | | |
| 20. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |
| 21. | *ЗОРАН СТОЈАНОВ | | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | *ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |
| 26. | *м-р МАРТИН РИСТОВ | | | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | √ | | |

*** Не биле присутни во салата во тек на гласање**

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, со **7 гласа ''ЗА'' и 14 гласа ''ПРОТИВ''**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа ''ЗА''**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, барам поименично гласање.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата на барање на членот на Советот - Јорданчо Тодосиев, врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, ја стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | √ | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | | √ | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | | √ | |
| 15. | *РАСИМ АЛИ | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |
| 17. |ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | √ | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | *МАРТИНА НАУМОВСКА | | | |
| 20. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |
| 21. | *ЗОРАН СТОЈАНОВ | | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | *ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |
| 26. | *м-р МАРТИН РИСТОВ | | | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | √ | | |

*** Не биле присутни во салата во тек на гласање**

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **7 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите во јавните установи за деца, за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 11.07.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе ***(да не ги донесе)*** следните материјали:

- Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите во јавните установи за деца, за 2019 година;
- Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;

- Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***; и
- Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Директорките на градинките се присутни тука и добро е да разјасниме некои работи од причина што кружат гласини дека ние како совет не сме гласале по однос на оваа точка на минатата седница. Тоа не è точно од причина што на минатата седница оваа точка воопшто не беше предмет на дневен ред.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите во јавните установи за деца, за 2019 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.08-2631/2 од 28.06.2019 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.07.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.08-2631/2 од 28.06.2019 година; и

- Предлог - Одлука за прием во сопственост на патничко моторно возило.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во својство на предлагач на оваа точка морам да истакнам дека решението на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.08-2631/2 од 28.06.2019 година, е незаконито од причина што не содржи законски основ поради кој одлуката не треба да биде објавена во Службен гласник на Општина Гази Баба. Постапено е во согласност со законот и во рок од 15 дена советот постапува по донесеното решение во насока на потврдување на претходно донесениот пропис.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, бр.08-2631/2 од 28.06.2019 година, со **14 гласа "ЗА" и 7 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.**

Претседавачот со седницата на комисијата за локален економски развој - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.07.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе ***(да не ги донесе)*** следните материјали:

- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој - за изградба на системи за одведување на атмосферски води за населено место Триангла ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој - за изградба на нова детска градинка во населено место Стајковци ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој - за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за населено место Јурумлери ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за населените места Трубарево и Идризово ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци ***(се предлага да не се донесе)***;

- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на топловодни инсталации во населените места Триангла и Хиподром ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на монтажен паркинг во населено место Автокоманда ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот ***(се предлага да не се донесе)***;и
- Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, со **14 гласа "ЗА" и 8 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием во сопственост на патничко моторно возило.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

На минатата седница на советот кога оваа точка беше дел од предложениот дневен ред во работниот материјал очигледно беше дека Предлог-Одлуката не е потполна, односно во неа не беа содржани потребните информации во врска со карактеристиките на возилото.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием во сопственост на патничко моторно возило, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за склучување на договор за обезбедување на комунални услуги за водоснабдување и канализација, помеѓу Општина Гази Баба и ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.07.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе ***(да не ги донесе)*** следните материјали:

- Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за склучување на договор за обезбедување на комунални услуги за водоснабдување и канализација, помеѓу Општина Гази Баба и ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - Општина Гази Баба;
- Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година ***(се предлага да не се донесе)***; и
- Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-3780 за КП 415/6 КО Булачани (дел од КП 415/1 КО Булачани).

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да укажам дека имаме работен материјал односно даваме согласност на одлука донесена од УО на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, но во прилог го немаме договорот кој треба да се склучи со општината. Ве молам претседателе кога ќе се потпише тој договор, да се достави до советот на општината, се со цел да се запознаеме со содржината.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Со дискусијата на колегата Белчев само уште еднаш се потврдува фактот дека недостасува координација помеѓу администрацијата и јавните служби со советот.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за склучување на договор за обезбедување на комунални услуги за водоснабдување и канализација, помеѓу Општина Гази Баба и ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Се доведоа во заблуда жителите од овие населени места дека на минатата седница не сме сакале да ја донесеме оваа Предлог-Одлука. Да напомeнеме уште еднаш дека овие точки беа повлечени од страна на Градоначалникот на општината. На медиум беше така пренесено и од Градоначалникот. Советниците кои беа позади Градоначалникот во моментот кога ја даваше изјавата дека со одлука на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ овие две Предлог-Одлуки не биле донесени, требало пртходно да се запознаат со содржината на изјавата за да реагираат. Ако мислеме така да правиме во иднина и ние како советничка група треба да го примениме истото. Градоначалник морам да забележам, вчера имавме настан - камен темелник на спортската сала во Хиподром - не бевме поканети како советничка група. Претходно, имавме почеток на изградба на канализација во Јурумлери - не бевме поканети како советничка група. Почеток на изградба на препумпна станица во Трубарево - не бевме поканети како советничка група. На официјална веб страна на општината, две години има само активности поврзани со Градоначалникот, тоа не è во ред. Ако не сме важни како советници, и тука сме само кога треба да се гласа, нека се каже тоа. Барам да бидеме навремено известувани од стручните служби за секој настан, како би можеле советниците да присуствуваат.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-3780 за КП 415/6 КО Булачани (дел од КП 415/1 КО Булачани).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-3780 за КП 415/6 КО Булачани (дел од КП 415/1 КО Булачани), со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Совет даде пауза од 10 минути и ја задолжи статутарно-правната комисија **да одржи седница** и да завземе став по однос на:

- Предлог - Правила за дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

**По паузата.**

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правила за дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 11.07.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Правила за дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ги донесе Правилата за дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, со **14 гласа "ЗА" и 7 гласа "ПРОТИВ"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Расправа по информација за реализирана постапка за насилно одземање на печат и штембил од Претседател на УЗ Маџари 2.**

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам да се обезбеди присуство на Градоначалникот на Општина Гази Баба се со цел да ја слушне оваа диксусија. Поради изнесеното,

Барам пауза од 10 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 10 минути.

**По паузата.**

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Од содржината на примената информација која е во најмала рака трогателна и може во иднина да доведе до други несакани последици, потребно е Градоначалникот на општината добро да размисли во претстојните ден-два како понатаму односно да ја започне постапката за своја оставка на функцијата Градоначалник и да одиме на предвремени избори за Градоначалник на општината. Оваа информација предизвикува страв кај сите. Со претходната точка која ја донесовме се регулира постапката околу давање и одземање на печатите и штембилите на урбаните и месните заедници, како и начинот на користење на истите. Ако е содржината во информацијата само 5% вистината, а верувам дека 100% е вистината, се поставува прашањето за понатамошното живеење и опстојување во оваа општина. Градоначалникот мора да даде објаснување пред овој совет за причините кои довеле до потребата од ангажирање на припадници на МВР при обезбедување на печатите и штембилите. Има елементи на давање на оставка од страна на Градоначалникот на општината, но се разбира и елементи за понатамошно процесуирање пред надлежните органи. Од тие причини инсистирав и

сеуште инсистирам на live streaming од седниците на советот и давање на можност на граѓаните во живо да следат што точно се дискутира и што точно се случува на седниците на советот. И припадниците на МВР кои зеле учество во оваа срамна активност мора и треба да понесат одговорност. Јас ќе го побарам и записникот кој патем воопшто и не се наоѓа во ПС од ОН Гази Баба. *(Во понатамошниот тек на диксусијата ја прочита информацијата бр.09-2716/1 од 05.07.2019 година доставена од претседателот на УЗ Маџари 2)* . Денес на 11.07.2019 година е поднесено барање од претседателот на УЗ Маџари 2 за добивање на записникот од извршените дејствија за што е платена и административна такса. На ова е добиен одговор дека записникот се наоѓа во општината односно е однесен кај Градоначалникот на општината. Поради изнесеното, барам пауза за да се обезбеди записникот од извршените дејствија.

Претставник од општинската администрација - **Насе Ралев**:

Ако чекате записник од ПС од ОН Гази Баба таков записник таму нема, туку има во СВР-Скопје кои беа надлежни. Подолг период пости проблем помеѓу државниот службеник распореден во УЗ и Престедателот на советот на УЗ. Постојано се инсистира на средба за да се разјаснат работите. Пробано е во повеќе наврати да се контактира со Претседателот на советот на УЗ да ги врати печатите, но тоа не е направено. Бев задолжен од Гадоначалникот да се превземе се за да се обезбедат печатот и штембилот на УЗ. Поднесов барање до СВР-Скопје од кои е побарано асистенција за да се обезбедат печатот и штембилот на УЗ како последна алтернатива. Не сме известени ниту е побарано од СВР-Скопје да присуствува службеник од општината. Само со две УЗ/МЗ имаме ваков проблем. Тоа се Маџари 2 и Стајковци. Од тие причини Градоначалникот побара печатите и штембилите од сите УЗ и МЗ да стојат на едношалтерски систем во општината и од тука да можат да ги користат.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

По изборот на советите како што знаете со реверс ги задолживме претседателите на советите на УЗ/МЗ со печатите и штембилите. Јас со исклучок на 4-5, немам проблем со останатите претседатели на совети на УЗ/МЗ. Проблемот со претседателот на советот на УЗ Маџари 2 настана при изложување на Предлог-ДУП во просториите на урбаната заедница кога претседателот на советот на УЗ Маџари 2 одбиваше да ги употреби печатот и штембилот да ги заведе анкетните листови уредно доставени од граѓаните со кои имаат свои забелешки на Предлог-ДУП. Техничкиот секретар седи но тој нема ниту печат ниту штембил. Претседателот на советот на УЗ неможе да биде семоќен и сам да одлучува. Од тие причини побарав сите печати и штембили да бидат тука а не дека јас сакам да ги одземам истите. Јас немам намера да се впуштам во преписка со престедателот на советот на УЗ Маџари 2. Толеранција и селективност нема да има за ниту една УЗ/МЗ. Јас планирам да иницирам постапки за злоупотреба на печатите и штембилите против оние претседателите на УЗ/МЗ за кои има докази за злоупотреба на печатите и штембилите. Од полициската станица немам добиено никаков записник ниту треба да добијам записник. Значи проблемот е што пред министерство за транспорт и врски немаме доказ дека постапката околу изложување на Предлог-ДУП во просториите на УЗ е завршен и потврден со печат од УЗ. Можно е да бидеме вратени од ресорното министерство за конкретниот Предлог-ДУП.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Загрижува фактот што го истакна раководителот на секторот за правни и општи работи. Тој е долги години во службата и многу добро знае дека Градоначалникот нема право на тие печати и штембили. Тие печати и штембили одсекогаш стоеле во просториите на УЗ/МЗ. Ако има докази за злоупотреба на истите, тогаш во ред, но не на сила со полициска асистенција да се одземаат. Согласно член 50 од ЗЛС нема можност ниту овластување Градоначалникот да ги застапува УЗ/МЗ. Јас незнам како вие како раководител си дозволивте да го послушате Градоначачникот и да упатите барање до СВР-Скопје за полициска асистенција. Па што ако е тоа дадено од Градоначалникот ? По закон УЗ и МЗ се засебни и одвоени од општината и тоа мора да биде јасно. Ова е срамота а после сакаме да изградиме квалитетни совети на УЗ/МЗ и да ги охрабриме луѓето да се пријавуваат. Па после оваа репресија нема никој да се јави на избори за член на совет не УЗ/МЗ. Известени се сите претседатели да ги вратат печатите и штембилите. Јас ги охрабрувам сите кои до овој момент не ги вратиле да не го прават тоа, односно да не ги враќаат. Истите ќе бидат злоупотребени во општината а тие ги задолжиле со реверс. Кој од едношалтерски во име на претседател на соовет на УЗ/МЗ ќе ги употребува печатите и штембилите и со кое право ќе го стори тоа. Тие печати и штембили мора да останат таму. Зошто Градоначалникот како поранешен советник во неколку мандати од оваа говорница никогаш не побарал враќање на печати и штембили ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Советник Трајковски, ова е еклатантен пример на несоработка помеѓу државен службеник распореден на место технички секретар во одредена урбана заедница и претседател на совет на таа урбана заедница. Мора да постои ред, јас пак ќе повторам дека не è намерата одземање на печатите и штембилите, туку целта е сите да бидат на едно место на едношалтерски систем во општината. Постапките на конкретниот претседател на совет на УЗ Маџари 2 не можете да го одбраните по ниту еден основ. Градоначалникот е орган кој мора да води сметка за сите органи и тела на општината и за урбаните и месните заедници. Дали вие ќе ги охрабрувате претседателите на УЗ/МЗ да не ги враќаат печатите и штембилите е ваше лично право, тука не навлегувам. УЗ и МЗ нема да бидат акционерски друштва и како кому ќе му текне, тоа нема да го дозволам никогаш. Дали тоа некому не му одговоара е друго прашање. Почитување на прописите мора да има од секого и тука нема да попуштам. Орган е Градоначалникот на општината.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ако е целта да се постигне ред, потребно е тој ред да биде воспоставен секаде. Не постои ниту еден законски основ во ниту еден закон дека Градоначалникот на општината има право да одземе печати и штембили на УЗ/МЗ. Поистоветување на Градоначалникот преку член 50 од ЗЛС дека може да ги застапува и УЗ/МЗ е смешно и непознавање на законот. Еклатантен пример на непознавање на законот е како што тврди Градоначалникот дека Градоначалник е орган а советот не è . Ако не е орган, тогаш што е советот ? Тело?. Општината има два органи: совет и градоначалник.

Претставник од општинската администрација - **Насе Ралев**:

Јас морам да постапам по задолжение од Градоначалник. Што требаше да сторам околу конкретната ситуација ?. Да игнорирам негова наредба под закана за дисциплинска постапка за утврдување на дисциплиска одговорност. Па кој ќе

застане потоа во моја одбрана. Зарем мислите дека претседателот на УЗ Маџари 2 ќе застане во моја обдбрана ?.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Воопшто не се задржавме на темата. Како ништо да не се случило. МЗ е основна клетка на секое општество за полесно државата да допре до народот. Овој случај со УЗ Маџари 2 и случајот со МЗ Стајковци се два случаи кои не се поврани а кои доведоа до ситуација да се бараат печатите и штембилите од сите претседатели на совети на УЗ/МЗ. Зошто е важно ова што го говорам. Ако во одредена МЗ каде е изложен определен ДУП и има забелешки од граѓаните дека некоја работа неможе да се изгради таму, тоа нема да се изгради и точка-крај. Јавна анкета е сериозна работа и неслучајно планот се изложува во конкретната урбана односно месна заедница. Дали некој сака нешто да протне во врска со одредена планска документација. Јавната анкета неслучајно е врзана со употреба на печат од УЗ/МЗ и тоа е сериозна работа. Ако таа непомине тогаш неможе да помине. Се однесува за нив и нивното место за живеење и тие се слушаат. Кои сме ние од тука да определуваме што ќе има на некое место. Затоа е овој проблем со УЗ Маџари 2 не за нешто друго. За случајот со Стајковци, една ипол година бараме лежечки полицајци од причина што се вози 200км/ч. Граѓаните по една година се организираат и превземаат конкретни чекори. Една година се игнорираат барањата за поставување на овие лежечки полицајци, па каде има тука политика !?. Ако треба ќе се прекине улицата и воопшто нема да се вози. Господ ги чува сите досега. Легитимно е правото на граѓаните да го изразат својот револт. Сите беа известени за тој чекор односно дека ќе се блокира улицата. И сега некој ќе тврди дека бил злоупотребен печатот на МЗ Стајковци !. Тие имаат легитимитет да го употребуваат со полно право, зад нив стојат 300 граѓани кои ги гласале и имаат полн легитимитет. Со иницијатива преку ЗЕЛС се планира измени во закони и зголемување на улогата и главната тежина на локалната самоуправа да биде УЗ/МЗ. Тие се најважни и се основата на секоја локална самоуправа и на секое општество. Во Р.Србија, Р.Хрватска и Р.Словенија на пример да видите како е тоа уредено и какво значење им се придава на месните заедници. Која ќе биде функцијата на УЗ/МЗ ако печатите се одземат. Ќе воведуваме централизација наместо децентрализација. Поради изнесеното, **предлагам: Едукација на Советите на УЗ/МЗ и предлагам Градоначалникот и Советот да организираат заеднички состанок**. Во минатото тоа беше постојано пракса да се состануваат градоначалниците на општините на Град Скопје, Градоначалникот на Град Скопје и директорите на ЈП со месното население. Мора да им се даде должна важност на советите и претседателите на советите на УЗ/МЗ на кои ќе им се укаже како на нивните права така и на нивните обврски и должности. Овој потег со одземање на печатите и штембилите е избрзан но сметам дека има простор да се реагира навремено.

Претставник од општинската администрација - **Насе Ралев**:

Ова е лична одлука на Градоначалникот на општината. Но не треба да се повикувате толку на народот. И јас имам одредени проблеми поврзани со судска постапка, па не гледам народ кој застанал позади мене.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Пак ќе повторам, мора да се разговара со Советите на УЗ/МЗ.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Дискутираме подолго време, но освен доставената информација од претседателот на советот на УЗ Маџари 2 и писмото од општината до СВР-Скопје, незнам сеуште што толку лошо сторила за да и се одземат печат и штембил со полициска асистенција. Дали истите ги злоупотребила ?. Барам објаснување што направила. Господине Ралев ве охрабруваме да издржите, за кратко време ќе се врати правната држава.

Претставник од општинската администрација - **Насе Ралев**:

Главната причина е препирка помеѓу државниот службеник распореден во урбаната заедница и претседателот на советот на урбаната заедница. Немаат никаква соработка.

Член на Совет - **Благе Данев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Апел до претседателот на совет да се организира што поскоро средба на Градоначалникот, советот, администрацијата со советите на УЗ/МЗ. Можеби постојат некои задкулисни игри и оправдан страв кај претседателот на УЗ Маџари 2 па не сака да ги врати печатот и штембилот.

Член на Совет - **Ристо Донев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Не ми е јасно ако има проблем кај две УЗ/МЗ зошто се бараат печати и штембил од сите УЗ/МЗ. Им се јавувале на телефон да дојдат и да ги донесат во општината.

Претставник од општинската администрација - **Насе Ралев**:

На претседателите на советите на УЗ/МЗ им беше јавено телефонски да дојдат и да подигнат известување во кое е наведено дека треба да ги донесат во општината печатите и штембилите. До сега се вратени печатите и штембилите само од две УЗ/МЗ.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Целиот проблем е за Предлог-ДУП за градска четврт 19 за кој беше повторена јавната анкета. Првиот пат имаше сомнеж затоа што никој не знаеше дека се спроведува јавна анкета за Предлог-ДУП. Беше повторена постапката. Предлог-ДУП таму ќе предизвика сообраќаен хаос кој може да резултира со жртви. При повторената јавна анкета, што е важно, претседателот на советот на УЗ со уште неколку членови на советот и граѓани беше на состанок кај Градоначалникот. Тие ме повикаа и мене како советник кој ги претставува. На тој состанок јасно се укажа на сите проблеми поврзани со тој Предлог-ДУП. Заради таа улица и тие 50 куќи имаме проблем. Некој работи задкуслисно и од тие причини се сака да се злоупотреби тој печат. Претседателот на советот на УЗ Маџари 2 е активна и меѓу граѓаните и на седници на советот на УЗ. Досега се доставени до општината вкупно 34 проекти за реализација кои се однесуваат на конкретната урбана заедница. Јас мислам дека целата напнатост околу ова е да се злоупотреби тој печат во функција на реализација на тој Предлог-ДУП. Револтот кај граѓаните е толку голем, што се најавува продажба на куќите ако дојде до реализација на тој Предлог-ДУП.

Претседателот на советот на УЗ била јасна и пред Градоначалникот дека печатот и штембилот не го дава од причина што се сака да се злоупотреби на планска документација се со цел да се прошири улицата која ситуација може да доведе до жртви.

Претставник од општинската администрација - **Насе Ралев**:

Еве и јас дури сега преку дискусиите дознавам дека всушност главната причина за оваа работа бил Предлог-ДУП. Како сум можел јас претходно да знам дека таму има некои задкуслисни игри ?. Јас знам дека ми беше кажано да ги обезбедам печатите и штембилите.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Колега Кутлешовски, преку последната ваша диксусија дојдовме до поентата дека проблем е Предлог-ДУП. Немаше потреба два часа да говориме. Требаше веднаш да поентирате со вашата дискусија за да дознаеме кој е проблемот таму. Ако е тоа главната причина, граѓаните ја имаат мојата поддршка.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Колега Димитровски секаде каде има активна УЗ/МЗ ќе им се случи ова. Тоа се УЗ/МЗ кои поднесуваат по 40-50 барања до општината. Тие читаат и буџет и ставки и соодветно реагираат до општината. Не се работи тука за месни заедници кои не се активни. Активните месни заедници постојано комуницииараат со советниците од тоа населено место и точно знаат што да бараат. Започнати проекти од претходниот градоначалник не се завршуваат, а нема причина за тоа. Се дигна врева и се губи многу енергија околу тие ДУП-ви. И сите да ги донесеме ќе требаат години за нивна реализација. Имаме донесени ДУП-ви па повторно имаме иста ситуација, немаме прилив од комуналии - не се гради. Единствени сме кои имаме езерце во град Скопје, покрај езерцето Треска е Општина Гази Баба со Смилковското езеро. Имаме и инфраструктура и поврзување па повторно - ништо не се гради. Треба да имаме впредвид и да се има визија дека натамошното проширување на Град Скопје ќе биде на овој потег во Општина Гази Баба и Општина Илинден. Некому очигледно не му одговара организирање и функционирање на силни урбани и месни заедници. Повторно апелирам на средба со УЗ/МЗ со советот, Градоначалникот и админстрацијата. Сето тоа во насока на подобрување на состојбите, но се разбира ако се има желба, ако се нема, очекувајте втор фронт.

Пред преминување на следната точка од утврдениот дневен ред, од страна на претседателот на советот беше предложен и едногласно донесен следниот **заклучок:**

**На предлог на Советот на Оштина Гази Баба а во организација на Градоначалникот на Општина Гази Баба, да се организира работен состанок помеѓу Советите на УЗ/МЗ, Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација, со цел да се објаснат правата но и обврските и должностите кои ги имаат Советите на УЗ/МЗ, во насока на подобрување на комуникацијата. Работните средби да бидат почести со можност во работен ден во период по завршување на вообичаено воспоставеното работно време (16, 16,30 или 17 часот).**

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Информација за моментална состојба во депонијата "Вардариште", во врска со нелегалното исфрлање на земја и шут од непознат правен субјект.**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе мислам дека не се исполнети условите за дискусија по однос на оваа точка предложена од колегата Димитровски. Во салата не è присутен Градоначалникот на Општина Гази Баба, па оттука сметам дека е беспредметно да се поставуваат прашања на кои нема кој да даде соодветни одговори.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Доколку нема цел водење на дискусии, предлагам ако сте согласни да формулираме соодветен заклучок.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Во однос на депонијата "Врдариште" одговорноста за управувањето е кај ЈП "Комунална Хигиена" - Скопје а надлежност секако има и МЗЖСПП, па оттука сметам дека е потребно да се обратиме до нив, се со цел да добиеме одговори за тоа кој правен субјект фрла земја и шут. Општинските инспекциски служби не се надлежни да постапуваат, а Градоначалникот не è присутен во салата за да даде одговори.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Колега Димитровски, и вие и ние точно знаеме кој правен субјект и од која локација каде што во моментов се гради, фрла земја и шут во депонијата "Вардариште". Тука немаме дилеми. Станува збор за многу вносен бизнис во овој момент. Знаете ли што значи за определен правен субјект кој гради, ако има обезбедено депонија каде бесплатно може да исфрла земја и шут. Тој штеди стотици илјади евра. Ако добивката на пример би му била 1.000.000,00 евра, верувајте дека барем 200.000,00 би го чинело фрлањето на земја и шут. Овие се печени за во затвор !!! Ве уверувам дека знаат и од ресорното министерство и од ЈП "Комунална Хигиена" - Скопје. Колку одиме погоре толку ќе биде полошо. Не реагираат. Затоа предлагам надлежната комисија на советот *(комисија за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина)*, заедно со определени советници од двете советнички групи и општинската админстрација да излезат на лице место, да се констатира состојбата и изготви записник. Второ, во ребалансот на Буџетот, ние ќе предложиме за тој потег да се одвојат најмногу пари. Знеме дека од другата страна на реката Вардар има убав парк - ќе има и од оваа страна се со цел да се спречи оваа работа. Потребно е брзо да се реагира. Трето, да се види дали тој опфат кај депонијата "Вардариште" е урбан или рурален дел, односно дали има ДУП или општ акт. Ако има потреба а има ДУП да се иницира постапка за изменување на ДУП. Дали некој во оваа сала знае што се планира на тој потег ?. На минатата седница од таа причина донесовме посебна одлука за постојано периодично информирање на советот за сите активности од страна на администрацијата. И сега ние треба да гласаме ДУП за Вардариште а поима немаме што таму се планира. Оваа работа не è нормална колеги советници. Еве дали барем граѓаните од МЗ Вардариште кои таму живеат се запознаени што се планира таму. Не. Оваа општина се претвара во депонија, а фали

уште наркозависниците да ни ги донесат во општината. Среќа што брзо се организиравме и го спречивме тој план. Се работи "партизански" и "диво". После се чудат зошто нема да се гласа ДУП. И за овој ДУП ви тврдам дека нема да биде изгласан.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

За информација до советот, јас поднесов пријава до овластениот инспектор за животната средина на Општина Гази Баба во врска со состојбата на исфрлање на земја и шут во депонијата "Вардариште". Беше постапено и навремено ми беше одоговорено од страна на раководителот на секторот за инспекциски работи-инспекторат. Добиениот одговор ви го презентирам во целост:

"По извршениот увид на поранешната градска депонија Вардариште на ден 09.07.2019 година од страна на Раководителот на секторот за инспекциски работи и инспекторот за животна средина на Општина Гази Баба, констатирано е дека на истата има одложување на инертен отпад (градежен шут, земја и чакал). По сознанија и индиции добиени на терен постои претпоставка дека истите се депонираат од страна на правни лица кои вршат градежни активности на локацијата на поранешен Скопски Саем. Во време на вршење на увидот не е констатирано депонирање на отпад. Истовремено Ве информираме дека согласно Член 93 од Законот за управување со отпад, грижата за депонијата по престанок на нејзина експлотација е на операторот на депонијата, во случајов Градот Скопје преку своето јавно комунално претпријатие Комунална хигиена. Исто така, согласно наведениот член, надлежниот орган за вршење на стручни работи во животната средина е должен, заради избегнување на можноста депонијата да претставува потенцијална опасност за животната средина, да врши процена на тековната состојба на депониите од административен, технички аспект и степенот на полнење на депонијата и да му дава упатства на операторот за преземање на корективни мерки, за што го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Град Скопје има изработена и студија за ремедијација на поранешната градска депонијата Вардариште и нејзината имплементација исто така е надлежност на градот. Поради наведеното Општина Гази Баба освен што на своја територија ја има наведената депонија нема надлежности за нејзина ремедијација или рекултивација. "

Јас на страницата на МЗЖСПП неможев да ја симнам целата студја од причина што е многу голема. А знаете што таму се планира по таа студија - голф терени !? Колеги советници. Дали знаете што треба да се стори таму за да имаме голф терени. 10 години треба тој дел да се чисти од отпад. Ова е криминал. Некој не плаќа за одлагање на тој отпад. Да сме ние нормална држава за ова исфрлање на отпад ќе платеше големи пари во депонијата "Дрисла". Ова е голем криминал.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Да ве известам дека подолго време навечер одам во контроли на тој потег. Не сте ни свесни што се случува во оваа општина со нелегално исфрлање на шут, тоа е страшно. Дури бев и физички нападнат. Има информација за нова депонија кај Смилковско езеро. Мора да реагираме, овој проблем несмееме да го игнорираме.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Дваесет и шестата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **19,15 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**